КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“
ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство

национална SOS 15-315
линија за жртви од семејно насилство



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2023

*Во текот на 2023 година, тимот на Кризен Центар „Надеж“ продолжи континуирано да работи на редовните активности согласно програмата на организацијата за 2023 година. Согласно Стратешкиот план на КЦ „Надеж“, континуирано се работи на реализација на четирите стратешки приоритети:*

**1. Стратегиски приоритет– Подобрување на квалитетот на услуги и развој на експертиза и капацитети на персоналот**

***Цели:*** 1.1 Унапредени процедури за ефикасна испорака на услуги, ориентирани согласно со потребите на клиентите; 1.2. Унапреден систем за директна поддршка, едукација и превенција на жртви на семејно насилство и насилство врз жени; 1.3. Зајакната експертиза кај персоналот; 1.4. Унапредени знаења и подобрени капацитети кај персоналот за системот на социјално претприемништво

**2. Стратегиски приоритет – Долгорочна финансиска одржливост**

***Цели:*** 2.1 Подобрена структура и капацитети за финасиско планирање, раководење и прибирање на средства, со цел задржување на персоналот преку вработување; 2.2 Обезбеден пристап до разнородни странски донатори (ЕУ, САД и др.); 2.3 Подготвен модел за воведување на социјално претприемништво во насока на економска и социјална поддршка на жртвите и подобрување на финасиската оддржливост на организацијата

**3. Стратегиски приоритет - Унапредување на едукацијата и заштитата на деца и младинци**

***Цели:*** 3.1 Зајакната експертиза кај персоналот и размена на знаење за работа со деца и младинци; 3.2 Унапредени знаења и подобрени капацитети кај персоналот за работа со деца и младинци

**4. Стратегиски приоритет – Охрабрување на жртвите за пријавување на семејно насилство**

***Цели:*** 4.1 Отворање на психо-социјално и правно советувалиште; 4.2 Подобрена видливост на организацијата

*Во текот на годината се реализираа бројни активности, учество на обуки, работилници, организирање на обуки и работилници и тековни активности како помош и поддршка преку СОС линијата и социјалните мрежи, згрижување, едукација и психо-социјални и правни советувања.*

# *Реализирани проекти*

***ПРОЕКТ: „Заштита и згрижување на жртви на семејно насилство”***
**Донатор**: Министерство за труд и социјална политика
**Период на спроведување**: 01.01. – 31.12.2023
**Целна група:** Целна група на овој проект се жени и деца – жртви од родово-засновано и семејно насилство, како и потенцијални жртви или лица во ризик од семејно и родово-засновано насилство.

**Реализирани активности и резултати:**

Обезбедување информации за стручна и друг вид на помош за жртви на семејно насилство; обезбедување на сигурен и безбеден привремен престој од 24 до 48 часа; поврзување и упатување до соодветните институции и јакнење на услугите за жртвите на семејно насилство.
Во периодот од **01 јануари до 31 декември 2023** година од страна на Кризен Центар „Надеж“ беа обезбедени следните услуги:
**Упатувања и остварени контакти за случаи на семејно насилство:** од вкупниот број на **примени повици** во текот на 2023 година – **587** на националната СОС линија, од наша страна се направени:

- **500** упатувања до ЦСР,
- **319** упатувања до полициски станици
- **186** упатувања до здравствени установи
- **69** упатувања до граѓански организации.

Контактите и упатувањата се направени согласно примениот повик и надлежноста на институциите и организациите од цела територија на Република Северна Македонија. Во текот на 2023 година беше остварен директен контакт со:

- Центрите за социјална работа – **417** пати
- Полиција – **193** пати
- Здравствени установи - **89** пати
- Граѓански организации – **67** пати

Од 2020 година во време на кризата со Ковид-19, беше започната и праксата да се примаат пријави и советувања и упатувања со користење на онлајн алатките, односно преку Facebook, Instagram и емаил. Во текот на целата 2023 година беа примени **525** пораки и тимот на Кризен Центар „Надеж“ соодветно одговори на сите и преку овие пораки беа договарани и онлајн сесии и советувања.
**Згрижувања**: во просториите на Кризен Центар „Надеж“ во текот на 2023 година беа згрижени вкупно **101 лица - 43 жени и 58 деца** - жртви на семејно насилство. Тие беа згрижени во кризниот период од 24-48 часа и за тој период им беше обезбедено храна, хигиенски средства, облека и лекарства. Во текот на престојот им беше обезбедена психо-социјална поддршка и советување, како и правни совети. Центарот редовно се чисти и дезинфицира по заминување на секоја од згрижените жртви.

Во текот на 2023 година, за време на престојот во КЦ „Надеж“ главно се почитувани редот и правилата на центарот, и не се забележани поголеми проблеми во текот на згрижувањето на жените жртви и нивните деца. Забележан е поголем број на повици од лица со депресија, анксиозност и суицидни мисли. Исто така, забележано е, дека и во текот на 2023 година, од страна на Судовите и Јавните обвинителства се чека подолг период за изрекување привремени мерки за заштита, како и обвинителен акт, што дополнително ја отежнува ситуацијата на жртвите, кои подолг период треба да поминат во згрижувачки капацитети, оддалечени од местото на живеење како и од училиштата каде што децата посетуваат настава.

**Едукации**: остварени беа вкупно **368 едукации со 181 жртви** на семејно насилство. Во текот на едукациите им беше дадена психо-социјална поддршка, беа разработувани планови за безбедност, детали за пријавување и упатување во случај на насилство, како и детални информации за динамиката на семејно насилство и беа разработувани доживувањата и нивното актуелно функционирање со цел емоционално да се зајакнат. Едукациите се одвиваа во време траење од 1 до 2 часа, во зависност од потребите на корисничките. Повеќето од едукациите и советувањата беа одржувани онлајн, со користење на платформите ZOOM, Teams, Viber и Facebook, додека со згрижените жртви, сите советувања, едукации и психо-социјална поддршка се одржуваа во Кризен Центар „Надеж“ во текот на нивниот престој. Бесплатен правен совет и поддршка добиле **55** лица кои побарале правна помош.

**ПРОЕКТ: „Втор годишен работен план за имплементација на Стратешкиот план на Кризен Центар „Надеж“ 2022-2025“**

**Донатор**: Европска Унија – ИПАпрограма

**Период на спроведување**: јануари 2022 – декември 2025

**Целна група:** Жени и деца – жртви на семејно насилство, деца и млади на територијата на цела Република Северна Македонија

**Реализирани активности и резултати (јануари 2023 – декември 2023):**

- Унапредување на системот за контрола на квалитетот од обезбедена услуга **кризно сместување во интервентен шелтер** и подготовка на **2 полугодишни извештаи** за задоволство од услугата и нивно објавување на веб страната на Кризен Центар „Надеж“;

  **Првиот извештај се однесува на период од **01.01.2023–30.06.2023,** во кој учество земале **18 испитанички** и истиот е достапен на следниот линк:* https://krizencentar.org.mk/резултати-од-прашалник-за-задоволств-3/

  *Вториот извештај се однесува на период од **01.07.2023–31.12.2023** и во него учество зеле **25 исшитанички**. Извештајот е достапен на следниот линк: https://krizencentar.org.mk/резултати-од-прашалник-за-задоволств-4/*

- Подготовка и дистрибуција на **4 едукативни брошури** за превенција на родово - базирано и семејно насилство од кои:

- Што е семејно и родово-базирано насилство?
- Рехабилитација и реинтеграција на жртви на семејно и родово-базирано насилство
- Систем на заштита на жртви на семејно и родово-базирано насилство
- Основни човекови права и слободи

*Брошурите може да се видат на следниот линк: https://krizencentar.org.mk/брошури/

- Организирани **6 индивидуални сесии за супервизија и менторство** со вработените лица на квартално ниво, водени од сертифициран тренер за животни вештини на следните теми: идентификација и препознавање на стресот, стратегии за ослободување од стрес, избегнување исцрпеност и одржување на менталното здравје на персоналот;
- Одржана обука за **социјално претприемништво** за тимот на КризенЦентар„Надеж“ на која беа опфатени основите на социјалното претприемништво
- Одржана работилница за воведување и работење по основни принципи на социјално претприемништво
- Подготовка на **15 предлог проекти** до домашни и странски донатори;
- Одржана обука за **психолошко советување** за тимот на Кризен Центар „Надеж“
- Одржана работилница за отворање и работење со **психолошко советувалиште** во рамките на Кризен Центар „Надеж“ и креирање на **Методологија** за работа со жртви во психолошко советувалиште и подготвен документ со **Процедури и стандарди** за психолошко советувалиште
- Подготвени **две нови процедури** во работењето на организацијата – **Процедура и Протокол за заштита на лични податоци** и **Процедура за спречување на конфликт на интереси**

**ПРОЕКТ: Поддршка и заштита на жртви на семејно насилство**
**Донатор**: Град Скопје
**Период на спроведување**: јануари 2023 – декември 2023
**Целна група:** Граѓаните на град Скопје, жртвите и потенцијалните жртви на семејнои родово базирано насилство од град Скопје

**Реализирани активности и постигнати резултати во период од јануари 2023 до декември 2023:**

**Р1. А1.** Континуирана консултација, советување, психо-социјална поддршка и правна помош на жртви на семејно насилство преку СОС линија достапна 24/7 и преку социјалните мрежи и електронски пораки.

**Р2. А2.** Континуирано згрижување на жртви на семејно насилство во период од 24-48 часа во кризни ситуации. Згрижените жртви добија бесплатна психо-социјална поддршка, правна помош, поддршка за разработка на безбедносен план и едукација за заштита од насилство. Во текот на згрижувањето им беше обезбедена храна, облека,

лекови и средства за основна хигиена.

**Р3. А3.** Подготовка и дизајн на материјали за онлајн кампања на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм. Материјалите беа дизајнирани да ги охрабрат жртвите што се соочуваат со проблемот насилство во својот дом да го пријавуваат истото користејќи ги достапните онлајн алатки. Тие содржеа упатства за пријавување, достапни сервиси, насоки и совети за заштита.

**Р4. А4.** Дистрибуирање на материјалите на социјалните мрежи континуирано.

**Р5:** Организирана онлајн кампања која допрела до 20033 лица.

**ПРОЕКТ: Помош, поддршка и заштита на жртви на семејно насилство**

**Донатор**:Општина Гази Баба

**Период на спроведување**: јануари 2023 – декември 2023

**Целна група:** Жртвите и потенцијалните жртви на семејно насилство од општина Гази Баба

**Реализирани активности и постигнати резултати во период од јануари 2023 до декември 2023:**

**Р1. А1**. Континуирана консултација, советување, психо-социјална поддршка и правна помош на жртви на семејно насилство преку СОС линија достапна 24/7 и преку социјалните мрежи и електронски пораки.

**Р2. А2**. Континуирано згрижување на жртви на семејно насилство во период од 24-48 часа во кризни ситуации.

**Р3. А3**. Изработување, печатење и делење на флаери со цел информирање и подигнување на јавната свест кај луѓето. Флаерите беа дистрибуирани низ целата територија на општина Гази Баба, во сите урбани и рурални месни заедници, за да се опфати поголем број од населението за подигнување на свеста за проблемот на семејно насилство, негова превенција и заштита.

**Р4. А4**. Подготовка, организирање и реализација на Панел дискусија во рамки на кампањата „16 дена активизам за борба против насилство врз жени“ на тема „Дали сторителите на насилство врз жени ја добиваат соодветната казна?“

***Донации***

- Врз основа на предложени активности за проект „Ти зборуваш – ние слушаме“, АВОН Македонија донираше **1.500.000,00 МКД** за поддршка на СОС линијата на КЦ Надеж, како и директна помош на корисничките на услугите на КЦ Надеж со вредносни ваучери.
- За потребите на кризниот шелтер, **Анекс Експорт-Импорт** продолжуваат со континуираната донација на тоалетна хартија и влажни марамчиња, во износ од **2.500 МКД.**

# Други поважни активности

- **Потпишување на меморандуми за соработка со Црвен Крст на општина Гази Баба и Организација за домување и станари (ОДС)**

Потпишувањето на овие меморандуми беше со цел унапредување на пристапот до квалитетни услуги кои на жртвите на семејно насилство ќе им овозможат олеснет и подобрен пристап до правда. Создавањето на функционален систем кој ќе придонесе за спречување на семејното насилство е обврска која ни припаѓа на сите нас.

- **Организирање на Панел дискусија на тема: ,,Дали сторителите на насилство врз жени ја добиваат соодветната казна?"**

Кризен Центар „Надеж“ во соработка со Општина Гази баба и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при ОГБ, на 06.12.2023 година во културниот дом „Димитар Влахов“, одржаа Панел дискусија на тема: „Дали сторителите на насилство врз жени ја добиваат соодветната казна?“. Овој настан се одржа во рамки на кампањата „16 дена активизам за борба против насилството врз жените“. Во воведниот дел се обратија: Маја Ацевска Претседател на Кризен Центар „Надеж“, БобанСтефковски – Градоначалник на ОГБ и Живко Белчев – Претседател на комисијата за еднакви можности на жените и мажите при ОГБ, додека на Панел 1 „**Дали сторителите на насилство врз жени ја добиваат соодветната казна – низ призма на институциите што постапуваат при семејно и родово-базирано насилство“,** се обратија**: Анета Трајковска** – *Меѓуопштински Центар за социјална работа Скопје;* **Билјана Јеремиќ** – *Началничка на Одделението за семејно насилство, Единица за насилен криминал при СВР Скопје и* **Елена Жакула –** *Основно јавно обвинителство Скопје.* На Панел 2 **– „Дали сторителите на насилство врз жени ја добиваат соодветната казна – низ призма на граѓанските организации кои обезбедуваат поддршка на жртвите на семејно и родово-базирано насилство“,** збор земаа: **Лелја Тутиќ –** *Коалиција сите за правично судење;* **Маја Атанасова –** *Македонско здружение на млади правници и* **Нена Смилевска –** *Организација на жени на град Скопје.*

За време на јавната трибина се истакнаа позитивните промени, нои недостатоците кои се уште постојат и на кои треба да се работи многу и во иднина, со цел подобрување на состојбата со овој горлив општествен проблем.

- **Организирање на јавна трибина во општина Илинден**

Во рамки на кампањата „16 дена активизам за борба против насилството врз жените“, тимот на Кризен Центар „Надеж“, во соработка со Претседателката на Советот на општина Илинден, на тема: Семејно насилство, препознавање и заштита“.

- **Гостувања во емисии**

Претставнички од Кризен Центар „Надеж“ во текот на 2023 година учествуваа во 3 ТВ емисии

и тоа: во Утринска емисија “Македонија наутро“ на МРТВ на 30.01.2023, во емисијата „Само прашај“ на МРТВ на 22.11.2023 и во емисијата „Програма на градови“ на 27.11.2023 https://play.mrt.com.mk/play/567615?fbclid=IwZXh0bgNhZW0CMTEAAR21pHIBOUnA8lykz9xoNOYzAM8M4Q9SYuCTyidJvE3iEC7RHdV60eIX1hQ_aem_ASXnVSrI6DGxuilHo7T4DOeA7jYYBAXKsiEV1RwT7HbFsNoOs0kN-cuHj79EHHjcdW4RWs3SpWQXajP6SrxGpGa1

Претседателката на КЦ Надеж имаше и интервју во Е-магазин на 24.03.2023, кое е достапно на следниов линк: https://emagazin.mk/nasilstvo-trpat-i-zheni-koi-ostavaat-vpechatok-deka-nishto-ne-im-nedostasuva-veli-acevska-od-krizen-centar-nadezh/?fbclid=IwZXh0bgNhZW0CMTEAAR0-Fk3_dtkss9ieM2wzBSrwpHspBW6112_OZ6u2IKWv09DqowveIMuWsto_aem_ASUhIMa_lIPE3Yn9FPCJflT3RHsxjmP35q4Sv899CLYUzQCZgYWSU9amUnBdESq_zXAxeu2qNpqm9JnOj14dUPMP












КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“
ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство

Национална SOS 15-315 линија за жртви од семејно насилство

*За реализација на сите активности во 2023 година, огромна благодарност за поддршката изразуваме кон* ***Министерството за труд и социјална политика****,* ***Општина Гази Баба****,* ***Град Скопје****,* ***Европската Унија****, како и особена благодарност до општествено одговорните компании* ***АВОН Македонија****,* ***Анекс****,* ***ИБОРН.НЕТ****,* ***ИнПлеер Хуб*** *и* ***Данимакс Инженеринг.***

***И во следната година продолжуваме со активности за борба против насилството врз жените и девојките и семејното насилство и се бориме за постигнување на родовата рамноправност.***